**А Р Х И В   Н А   М А К Е Д О Н И Ј А   - С К О П Ј Е**

**НАУЧНО-ИНФОРМАТИВНИ ПОМАГАЛА ЗА АРХИВСКАТА ГРАЃА НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

# В О Д И Ч
# НИЗ СОДРЖИНАТА НА МИКРОФИЛМУВАНАТА АРХИВСКА ГРАЃА ДОНЕСЕНА ОД АРХИВИТЕ НА СССР

**КНИГА I**

Изработи:
Тронда Пејовиќ

Скопје, 1995

# В О В Е Д

Во историскиот развиток на сите балкански народи, особено на словенските, Русија игра многу важна улога. Таа улога е особено значајна во однос на Македонија, која најдолго се наоѓала под турско ропство. Интересирањето на Русија за Македонија во одделни историски периоди создава богат материјал за односот на руската политика спрема Македонија, за нејзината улога во решавањето на т.н. “македонско прашање” кое завршува со распарчувањето на Македонија, како и за придонесот на советската политика преку Коминтерната во признавањето на македонската нација како одделна нација со свој посебен идентитет.

Првите истражувања во советските архиви, богати со важни историски материјали за Македонија, започнуваат некаде во 60-те години на овој век. Тие се интензивираат во 70-те години, а од 80-те се вршат веќе плански обмислени и осмислени проекти за да се пронајде сето она што има врска со нашата земја или осветлува одделни настани од македонската историја.

Меѓу истражувачите во советските архиви треба да се споменат, пред сè , Б. Ристовски, Г. Тодоровски, Р. Кирјазовски, Љ. Лапе, В. Мошин, К. Илиевска, потоа В. Иваноски, Р. Терзиевски, А. Трајановски и др. Во подоцнежните истражувања се вклучува С. Благоев.

Но, покрај интензивните архивски истражувања во институциите како што се: Архив Внешней Политики России (Архив на надворешната политика на Русија), Центральный Государственный Историческиий Архив СССР (Централен државен историски архив на СССР) - Москва, Архив Академии Наук СССР (Архив на Академијата на науките на СССР) - Ленинград, Архив СССР (Архив на СССР) - Ленинград и Москва, Государственная библиотека СССР им. В. И. Ленина - Москва (Државна библиотека “В. И. Ленин”), Государственная публичная библиотека Шедрина (Државна јавна библиотека “Шчедрин”) и други, сè уште поголемиот дел од богатата архива за Македонија не е доволно проучен.

Водичов ја прикажува архивската граѓа, микрофилмувана во советските архиви, која се однесува на Македонија и на македонската историја.

Микрифолмуваната архивска граѓа, донесена од советските архиви, која се состои од 36 микрофилмови со над 7.680 микроснимки, е од најразновиден

карактер. Условно таа може да се подели на неколку групи, иако речиси во сите филмови има материјали од најразличен вид.

Првата група документи би можела да се окарактеризира како дипломатска преписка. Тоа се претежно извештаи од рускиот конзулат во Битола испратени до Амбасадата во Цариград како и до руското Министерство за надворешни работи во врска со политичката, економската, социјалната и друга положба во Македонија, за верските борби меѓу Егзархијата и Патријаршијата, за дејствувањето на католичката и протестантската пропаганда, за злоупотребите на турските власти, за албанските активности и тн.

Втората група архивска граѓа се однесува на материјали во врска со школувањето на македонската интелигенција во Русија.

Почетокот на XIX век е време кога се развиваат најразновидни врски на Русија со балканските народи. Во тоа време официјалната руска политика го засилува својот интерес кон Македонија, и тоа преку православната црква, која го шири своето влијание во оваа земја. Конкретно, во 1870 година, Русија ја принудува Турција да дозволи формирање одделна бугарска православна црква - Егзархија со контрола врз деловите од турската провинција Македонија. Со тоа и започнува таканареченото “македонско прашање”. Поробениот македонски народ во Русија гледа и ослободител. Таа ги снабдува училиштата и манастирите во Македонија со опрема и учебници, прифаќа и обучува голем број млади луѓе од Македонија, многумина од кои подоцна ќе ја формираат онаа македонска интелигенција, која прва ќе стане свесна за својата национална посебност. Во документите од тоа време наоѓаме податоци за школувањето на најистакнатите дејци во нашата културна историја - К. Мисирков, браќата Чуповски и редица други Македонци, а подоцна за нивната дејност околу формирањето научно-литературни и национално-просветни друштва и кружоци, издавањето весници и списанија. Посебно треба да се истакне богатата етнографска и друга дејност на Бугаринот П. Драганов во докажувањето на македонскиот карактер на “македонските Бугари”, како и етнографската дејност на Хрватот С. Верковиќ.

Понатаму, следна група документи се тие што претставуваат патеписни белешки на лица што ја посетиле Македонија и во своите искажувања изнесуваат географски, етнографски, статистички податоци за разни населени места во Македонија, како и податоци за положбата во земјата. Тука се белешките на

истакнати личности како што се: В. Григорович, П. Миљуков, А. Шофман, А. Амфитеатров и конзулите Хитрово и Јакубовски, но и впечатоците од патувањата по Македонија на разни непознати, дури и анонимни лица.

Следува граѓа публикувана во Русија и во Бугарија во вид на посебни книги, студии и написи објавувани по дневните весници, периодичните списанија и месечниците, која се обидува да го сврти вниманието на читателот на “македонското прашање”. Тука се книгите “Стариот” (Јане Сандански) на Х. Константинов, “Положбата во Македонија” на А. Страшимиров и книгата на П. Миљуков “Балканската криза и политиката на Извољски”. Од публикуваните трудови треба да се споменат мемоарите за дипломатската дејност на грофот Игнатјев, истакнат дипломат и потписник на Санстефанскиот договор, преписката на руските дипломатски претставници за ситуацијата во Европа и на Балканот во периодот 1900-1913 година, трудовите на Друштвото за словенско научно единство во врска со српско-бугарскиот спор околу Македонија во 1913 година како и документите на Коминтерната за историјата на КПЈ.

Архивската граѓа составена од написи во месечни и дневни списанија и весници главно е преземена од насловите: “Современник” (Современик), “Жизнь” (Живот), “Славянские известия” (“Словенски вести”), “Коммунистическй интернационал” (“Комунистичка интернационала”), “Большевик” и весниците што излегуваа во Софија “Глас македонски” и “Право”.

Во сите овие весници и списанија редовно се објавувани прилози за Македонија како најголем проблем на Балканот, “јаболко на раздорот” за околните земји, во кои се изнесувани најразлични ставови околу прашањето чија е Македонија и кому треба да му припадне, со тоа што кон 1913 година се забележува веќе тенденција за прифаќање на идејата за автономна, самостојна македонска држава.

Посебно треба да се изделат списанијата “Глас македонски” и “Право”, кои се печатени во Софија како органи на македонските друштва во Бугарија и ги изразуваат различите ориентации на Македонците во емиграцијата. Не треба да се заборави и дејствувањето на емиграцијата во Америка и нејзиниот став кон ослободителното движење, дејствувањето на македонските емигрантски

здруженија во Америка меѓу двете светски војни, што исто така наоѓа свој одраз во тогашниот печат.

На крајот, како анекс на Водичот, е сместен сумарен преглед на микрофилмовите со стари ракописни текстови донесени од руските архиви.

Целта на овој Водич е да послужи како научно-информативно средство што ќе им ја олесни работата на оние истражувачи на македонската историја, кои како историски извор ќе ги користат архивските материјали снимени во советските архиви.

Врз фондот не е извршена фолијација, затоа потребните податоци можат да се бараат само според сигнатурата.

## ДИПЛОМАТСКА ПРЕПИСКА

АРХИВ ВНЕШНЕЙ ПОЛИТИКИ РОССИИ - МОСКВА
**(АРХИВ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РУСИЈА - МОСКВА)**

**ФОНД:** ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ
**(АМБАСАДАТА ВО ЦАРИГРАД)**
ГЛАВНЬЇЙ АРХИВ **У-А$_2$ (ГЛАВЕН АРХИВ У-А$_2$)**

МИКРОФИЛМ: 1046
ГОДИНИ: 1857-1876
СНИМКИ: 260
МЕТРИ: 10
**ЈАЗИК: руски, француски, бугарски**

**СОДРЖИНА: Дипломатска преписка во врска со Македонија**

1. Од 1857 год., дело 2555 до 1862 год., дело 2260
1857-1862
- Извештаи од Рускиот конзулат во Солун на француски јазик.

2. 1862 год., д. 2260
1862
- Извештаи на Рускиот конзулат во Солун за: состојбата во Македонија; појавата на одметнички групи и тајни друштва за борба против турската власт; за ширењето на француската пропаганда преку католицизмот; формирањето комисии за попис на градскиот надлежен имот и количеството на даноци со присуство на претставници од конзулатите.

3. 1863 год., д. 2261
1863
- Извештаи во кои се споменува за дејноста на познатиот етнолог Стеван Верковиќ.

4. 1864 год., д. 2262

1864

- Податоци за Струмица и Воден; за материјалните средства добиени од Русија како помош за словенските училишта во Македонија.

5. 1865 год., д. 2263

1865

- За изградбата на патишта од страна на турските власти - од Солун до Серез и од Волос до Лариса, за насилното земање работници и др.

6. 1866 год., д. 2264

1866

- За ширењето незадоволство меѓу народот поради високите даноци и строгиот режим; за мерките преземени против бунтовниците од страна на турските власти.

7. 1867 год., д. 2265

1867

- За односите меѓу христијанското и муслиманското население; незадоволството на посиромашните слоеви од властите; појавата на мали одреди за акции против Турците; за разбојништвото на Гегите.

8. 1868 год., д. 2266

1868

- За наредбата на големиот везир за забрана на промена на местото на живеење на христијаните.

9. 1868 год., 2267

1868

- За доделувањето на С. Верковиќ златен медал за богатата колекција народни носии од Македонија; основањето типографија во Солун и издавањето на списанието “Солун” на турски, еврејски, бугарски и грчки јазик; доаѓањето во Солун на В. Пелагиќ; воведувањето административни реформи во Отоманската

Империја; дејствувањето на Тајниот бугарски комитет во Македонија; за создавањето раздор меѓу православното свештенство и народот од страна на грчките црковни власти.

10. 1871 год., д. 2269

1871

- За започнувањето на работите околу изградбата на железницата од Солун преку Скопје до Босна; опис на состојбата на патиштата во Солун и во цела Македонија; извештај за начинот на градењето на патиштата и мостовите од турските инженери; за состојбата на хидрауличните работи.

11. 1872 год., д. 2270

1872

- За отворањето воспитна установа за јужнословенски девојки во Москва; судирот меѓу митрополитот Натанаил и месното население; за состојбата на посеаните житарки и нивната цена.

12. 1873 год., д. 2271

1873

- За собирањето добротворни прилози во Русија за основање словенски училишта во Македонија; пристигнувањето во Солун на прускиот патеписец Г. Паули; за отповикувањето на солунскиот генерал -губернатор Омер Февзи-паша и назначувањето на Акиф-паша; забелешки за македонските градови и населби што имаат потреба од народни училишта; доаѓањето во Македонија на протестантски мисионери; за опаѓањето на интензитетот на католичката пропаганда во Битола.

13. 1874 год., д. 2272

1874

- За ширењето на унијатството во Воденско, Струмичко, Кукушко и во Дојранско.

14. 1875 год., д. 2273

1875

- За ширењето на разбојништвото; наредбата да се признае егзархискиот свештеник Петар Умбаров за официјален претставник на православната црква; за доаѓањето во Солун на Вавси-ефенди, член на Апелациониот суд во Министерството на правдата.

15. 1876 год., д. 2274

1876

- За преземените мерки околу спроведувањето на точките од последниот султанов ферман; за ширењето на елинизмот во Македонија: за нотата на австроунгарскиот гроф Андраши; опис на Серскиот санџак; за состојбата во Македонија по донесувањето на турскиот устав; за барањето рускиот конзул Игнатјев да се заземе за македонското население на конференцијата во Цариград; за дејствувањето на унијатите; отворено писмо до претставниците на европските сили да се заземат за решавање на источното прашање.

16. Главный архив У-$А_2$; 1874 год., д. 905

1874

- Извештаи на надворниот советник В. Максимов до рускиот конзул за верските борби во Македонија; за барањата Битолскиот вилает да се потчини под Бугарската егзархија; за судирите на словенското население со грчките црковни власти; за судирите меѓу егзархистите и патријаршистите; за ширењето на унијатството.

АРХИВ ВНЕШНЕЙ ПОЛИТИКИ РОССИИ - МОСКВА

**(АРХИВ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РУСИЈА-МОСКВА)**

**ФОНД:** ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ

**(АМБАСАДА ВО ЦАРИГРАД)**

ГЛАВНЬЇЙ АРХИВ У-$A_2$ **(ГЛАВЕН АРХИВ У-$A_2$)**

МИКРОФИЛМ: 1050

ГОДИНИ: 1861-1875

СНИМКИ: 578

ЈАЗИК: руски, бугарски

**СОДРЖИНА: Извештаи на руски дипломатски претставници во Македонија до руското Министерство за надворешни работи**

**ФОНД: АМБАСАДА ВО ЦАРИГРАД**

1861 год., дело 1415

- Извештаи на рускиот конзул Хитрово за: состојбата во Македонија; неговото патување од Солун до Битола; апсењето на Д. Миладинов (со копија од молбата на Д. Миладинов до рускиот конзул); смртта на султанот Абдул-Меџид; грабежите, насилствата, убиствата во земјата; ширењето на разбојништвото; за честото преминување на христијаните во муслиманска вера; 2 писма од Д. Миладинов до Лобанов - Ростковски и до францускиот амбасадор во Цариград.

1862 год., д. 1416

- За барањето на цели семејства од Македонија да се преселат во Русија; односот на митрополитот Венедикт како причина за раздор меѓу христијаните; дејствувањето на Грчкиот конзулат во Битола; антагонизмот меѓу грчките и "бугарските" учители; нередите во Грција; војната на Турција со Црна Гора; за учеството на албанските разбојнички банди во редовите на башибозукот; за собирањето доброволци за Солунскиот фронт и испраќањето оружје и муниција; интригите на митрополитот; приказ на турска судница и судење во присуство на

конзулите; за измачувањето на христијаните во турските затвори; потпаѓањето на дел од населението под влијание на католичката и протестантската пропаганда како резултат на неправдите на митрополитот Венедикт.

1863 год., д. 1417

-За случајот на буфскиот свештеник; затворањето на книжарници и вршењето претреси во куќите и училиштата во Битолскиот санџак; спречувањето на ширењето на општословенската идеја кај народот, која ѝ се спротивставувала на елинизацијата; засилувањето на католичката пропаганда; за високите даноци и злоупотребите при нивното собирање од страна на т.н. “пољаци”; пожарот во Битола; обидите на австрискиот конзул да се испитаат можностите да се оформи бродски сообраќај на Охридско Езеро и на реката Дрим; за ширењето на влијанието на Австрија и Франција преку католичката пропаганда во Битолско.

1864 год., д. 1418

- За почетокот на остварувањето на реформите: реорганизација на полицијата, воведување на нов систем на даноци, поставување на полски стражари “пољаци”; опис на Хитрово на неговото патување по Македонија (Тиквешко, Мариовско) и најава дека ќе објави обемен труд со етнографски и статистички податоци за Македонија; за ширењето на елинизацијата од страна на митрополитот Венедикт; за будењето на словенското чувство кај народот; вршењето богослужби на словенски; отворањето во Охрид на првото словенско училиште; дејноста на браќата Миладиновци; реакцијата кај грчкото свештенство; намерата на Хусни-паша да отпатува за Дебар заради спречување на разбојништвото; за некои административно-територијални промени; доаѓањето од Битола на Черкези од Кавказ.

1865 год., д. 1419

- За спротивставувањето на велешкото население да ѝ плаќа црковни прилози на Патријаршијата; неуспехот на Хусни-паша во неговата мисија за смирување на разбојништвото во Дебарско; прославата во Битола на годишнината од стапувањето на престол на султанот Абдул-Азис; крвната

одмазда кај Албанците; почнувањето на работите околу изградбата на патот Битола - Солун; посетата на Хусни-паша на Велес; собирањето средства за постраданите во пожарот во Цариград; барањето на битолчани да се врши служба во црквите на словенски јазик и да се отвори словенско училиште; отворањето на охридското словенско училиште “Словенски просветители Кирил и Методиј” на Дијамандиев, со дозвола на митрополитот Мелетие.

1866 год., д. 1420

- За отворањето катедра за бугарски јазик во грчкото училиште во Битола (учител таткото на Р. Жинзифов); верската нетрпеливост меѓу патријаршистите и егзархистите; воведувањето нови даноци од турските власти; барање да се обезбедат средства за испраќање на школување на ќерката на Д. Миладинов, Царевка; отворањето на училиштето во Охрид; барањето на словенското население од Велес, Штип и Битола да бидат исклучени од Грчката патријаршија.

1867 год., д. 1420

- За затворањето на словенското училиште во Охрид по барање на митрополитот Мелетие; жалбите на дебарчани поради зулумите на разбојничките банди; активностите на католичката пропаганда; податоци за бројот на семејствата што прифатиле унијатство во Тиквешко и Велешко и имињата на тамошните свештеници; податоци за бројот на војската во разни делови на Тесалија; приближна таблица на природните производи на Румелискиот вилает (пченица, 'рж, јачмен, овес и др.); за намалувањето на интензитетот на католичката пропаганда во Битола; новата административна поделба на Македонија; податоци за бројот на манастирите и црквите во Костурска и Хрупишка околија; административно-црковната поделба на Битолскиот, Костурскиот и Охридскиот санџак; податоци за административната поделба на Охридскиот санџак.

1868 год., д. 1422

- За отворањето во с. Трново, Битолско, бесплатно училиште за изучување на романскиот, грчкиот и францускиот јазик; собирањето нови

даноци и распишувањето заем кај трговците и еснафите за одржување на војската; податоци за новото уредување на судовите; акциите на разбојничките банди во Дебарско.

1869 год., д. 1423

- За преселувањето на Г. Прличев од страна на митрополитот Мелетие поради неговата борба против елинизацијата; проекти за решавање на црковното прашање; за борбата меѓу грчките и бугарските приврзаници и искористувањето на оваа борба од страна на католичката пропаганда; активностите околу собирањето средства и работна сила за изградба на патот Битола - Воден; објавувањето на охридското население дека не ја признаваат Грчката патријаршија; започнувањето на подготовките за изградба на железничката пруга од австриската граница до Солун.

1870 год., д. 1424

- Податоци за дејствувањето на западните пропаганди и за состојбата на народното просветување во Битолскиот округ; податоци за индустрискиот развиток и за вредноста на увезената и извезената стока во Битолскиот, Костурскиот и Охридскиот санџак во текот на 1869 година; поставувањето во Велес митрополит од Бугарската егзархија; барањето на повеќе епархии за присоединување кон Бугарската егзархија; податоци за жетвата и за цените на житото во Македонија во 1870 година.

1871 год., д. 1425

- За немирите во Дебарско предизвикани од зголемувањето на даноците; последиците од слабата жетва во 1870 година; резултатите од жетвата во 1871 година.

1872 год., д. 1426

- За измачувањето на христијаните од страна на турските власти; за злоупотребите на турската администрација, незадоволството на населението и неговите жалби до странските конзули.

1873 год., д. 1427

- Податоци за индустријата и трговијата во Битолскиот санџак; податоци за поважните европски производи изнесени на прилепскиот панаѓур во 1873 год. со ознака на нивната вредност во турски лири; список на поважните турски производи изнесени на прилепскиот панаѓур од 1873 година со ознака на нивната вредност во турски лири.

1874 год., д. 1428

- За доаѓањето во Битола на новиот мутесариф Ќамил-беј; за тешката положба на населението како последица на студената зима и епидемијата кај стоката; немирите во Дебарско; податоци за движењето на стоката на панаѓурот во Велес; состојбата на трговијата со стока во Карас (Црна Река), с. Возарци, Тиквешко; таблица за дотурот на стока за продажба на панаѓурот во Велес; таблица за состојбата на пролетниот панаѓур во Карас, Возарци; за формирањето на нов вилает (Призрен, Скопје, Скутари и Дебар) на чело со Саиб-паша; јавната продажба на 32 чифлици во Битолско, Леринско, Кожанско, Преспанско; апсењето и прогонувањето во Атон на архимандритот Козма поради преминувањето во Егзархијата; “бугарското” движење во Охридско на чело со Натанаил; злоупотребите на полските чувари, тн. “полјаци”.

1875 год., д. 1429

- Податоци за развитокот на индустријата и трговијата на територијата на Конзулатот во 1874 год.; споредбени прегледи во однос на 1873 год. како доказ за намалено производство; список на западноевропските производи изнесени на прилепскиот панаѓур во 1874 год.; список на турските производи изнесени на прилепскиот панаѓур во 1874 година; репресии против црковно-“бугарското” движење во Дебарско и Кичевско; формирање “бугарска” општина во Кичево; тешката економска положба на населението: глад, разбојништво, немири во Дебарско и мерки на турските власти; борба меѓу “егзархистите” и “патријаршистите”; податоци за трговијата со стока на двата панаѓури одржани пролетта во Битола; податоци за стоката доведена на панаѓурот во Велес во 1875 год.; податоци за стоката продадена на овој панаѓур; податоци за состојбата на панаѓурот во с. Возарци во 1875 год.; барање на Натанаил црковни книги на

романски јазик за влашкото население во Битола и Крушево; објавување на султанското ираде од 20 септември.

1876 год., д. 1430

- За нотата на грофот Андраши; најавувањето реформи во Турската Империја; дејноста на Апостол Маргарит; незадоволството на “рајата” од наводните реформи; програма за подобрување на положбата на христијанското население преку реформи во администрацијата, судството, даночната политика и сл.

1877 год., д. 1431

- Влошување на положбата на населението; осиромашување на “рајата”; злоупотреби на судските и административните власти; воведување на вонредни даноци.

## ФОНД: ГЛАВЕН АРХИВ У-$А_2$ (ГЛАВНЫЙ АРХИВ У-$А_2$)

1875 год., д. 142

- Барање на учителката Станислава Балканова да ѝ се овозможи школување во акушерска установа на државен трошок.

д. 144

- Барање на “бугарската” општина во Битола да се изработи прирачник по примерот на оној во охридското училиште.

д. 145

- Информација за распуштањето на мутефизите и за наредбата да се соберат редифите од 3-те класа (резервисти).

д. 901

- Податоци за состојбата на бугарското училиште во Битола.

1861, д. 1184 (I)

- За отворањето на Рускиот конзулат во Битола; дејствувањето на Грчката црква; влијанието на католичката и протестантската пропаганда; внатрешниот расцеп во христијанската општина како резултат на дејствувањето на митрополитот Венедикт; положбата на христијанското население; барањето да се доделат средства за егзистенција на семејството на Д. Миладинов; активноста на другите конзулати во Битола.

1862

- За вестите дека Грците се подготвуваат за војна против Турција; лошата материјална состојба на турската војска; случајот на буфскиот свештеник; неизвршувањето на реформите; елинизаторската дејност на битолското казино и неговото уништување; црногорската војна и настаните во Србија; податоци за гр. Велес и околината; изградбата на Соборната црква “Св. Пантелејмон” во Велес; опис на манастирите по патот од Велес кон Тиквешко, Мариово и Штип.

1864, д. 1184 (II)

- Извештај на конзулот за неговото патување по Охридско и Дебарско со опис на црквите, манастирите, училиштата; положбата на населението; опис на Галичник, Кичево, Струга.

д. 1185

- За немирите на Албанците од Дебарско; собирањето на башибозукот; апсењето на охридскиот учител Г. Прличев и неговиот внук Парман; податоци за дејноста со која се занимаваат жителите на Битолски, Костурски и Охридски санџак и за вредноста на увезената и извезената стока во 1869 год.; податоци за жетвата во 1870 год.; завршувањето на подготовките околу изградбата на железничката пруга од Скопје до Тиквеш (дел од пругата Скопје - Солун).

# АРХИВ ВНЕШНЕЙ ПОЛИТИКИ РОССИИ - МОСКВА
# (АРХИВ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РУСИЈА-МОСКВА)

## ФОНД: СЛАВНЯСКИЙ СТОЛ
## (КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СЛОВЕНСКИ РАБОТИ)

**МИКРОФИЛМ:** **XCVI/1146**
**ГОДИНИ:** **1851-1882**
**СНИМКИ:** **32**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски**

**СОДРЖИНА: Дипломатски документи за историјата на Македонија**

1851-1858, дело 3864

- Благодарност изразена на руските власти за испратените учебници наменети за Рилскиот манастир.

1859-1863, д. 6667

- Известување за редовната годишна сума што ја одредила руската царица во корист на православните училишта во Турската Империја.
- Податоци за градот Кукуш, за бројот на училиштата, учениците и учителите во овој град.

1860-1872, д. 6680

- Барање млади девојки од Охрид и Струга да се школуваат во Русија и по враќањето во земјата да работат во месните училишта.

1862-1872, д. 6682

- Барање на жителите на Солун помош за отворање словенско училиште во Солун.

1864-1882, д. 6684

- Потврда за примените пари што биле испратени со посредство на рускиот конзул во Битола за потребите на училиштето “Кирил и Методиј” во Охрид.

- Писмо на конзулот Јакубовски со податоци за составот на училиштето во Охрид и за неговите потреби од материјални средства.

## АРХИВ ВНЕШНЕЙ ПОЛИТИКИ РОССИИ - МОСКВА
## (АРХИВ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РУСИЈА-МОСКВА)

## ФОНД: ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ
## (АМБАСАДА ВО ЦАРИГРАД)

**МИКРОФИЛМ:** **XCVI/1147**
**ГОДИНИ:** **1886-1891**
**СНИМКИ:** **60**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски**

**СОДРЖИНА: Дипломатски документи за историјата на Македонија**

1886, дело 1438

- Извештаи на дипломатски претставници во Македонија за: економската положба во Битолскиот вилает; состојбата во земјоделството и трговијата; злоупотребите на турските судски и финансиски власти и за злоупотребите при собирањето данок; компаративен список за собирањето данок во Битолскиот вилает во 1876-1886 година по санџаци.

1890, д. 1442

- Извештаи во врска со процесот на Боне Георгиев и неговите другари; писма на Б. Георгиев во кои бара заштита од конзулите за мајор Паница.

1891, д. 1443

- Барање да им се овозможи на 4-5 македонски ученици да се школуваат во некое руско техничко училиште за потребите на изградбата на пругата Солун - Битола.
- Податоци за индустрискиот и трговскиот развиток во Битолскиот вилает во 1890 година; трговијата, занаетите и печалбарството; високите даноци; приходите и расходите на Битолскиот вилает со извештај за економската

состојба на Битолскиот вилает во 1890 година по дејности - земјоделство, сточарство, занаетчиство, индустрија, трговија.

# АРХИВ АН СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ
# (АХИВ НА АН НА СССР - ФИЛИЈАЛА ЛЕНИНГРАД)

## ФОНД: МАКЕДОНСКО-АЛБАНСКА ЛИГА
## (АРХИВ НА М. А. ХИТРОВО)

**МИКРОФИЛМ:** **559 (1044 А, Б, В и 1048)**
**ГОДИНИ:** **1861-1892**
**СНИМКИ:** **377**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски, француски**

**СОДРЖИНА: Архив на М. А. Хитрово - преписка;**
**Македонско-албанска лига**

Ф. 325, Оп. 1, Н 36 (325-1-36)
1866
- Барање на Димитри Киров-Македонец да биде запишан во руско училиште.

325-1-35
1866
- Барање на населението да се опреми црквата во с. Богашево.

325-1-35
1870
- Барање парични средства за училиштето во Берово.

325-1-41
1878-1879
- Извештај за меѓусебните односи на грчкото и словенското свештенство и за подготовките за востание во Македонија.

325-1-45

1878

- Писмо во врска со испитувањето на можностите за стапување на Г. А. Силјанов во воено училиште.

325-1-50

1880

- Барање на македонското население да се преиспита 23-от параграф од Берлинскиот договор.

325-156 и 325-1-57

1886-1887

- Писма во врска со страдањето на револуционери во Бугарија.

325-1-68

1861-1880

- Писма на новогрчки јазик испратени до М.А. Хитрово.

325-1-103

1877

- Известување за формирањето во Пламен на четата на војводата Цеко Петков.

325-1-105

1867

- Барање на жителите на Свети Врач да им се дозволи богослужба на словенски јазик.

325-1-112

1867

- Барање во врска со реновирањето на кичевскиот манастир “Св. Богородица Пречиста”.

325-1-193

1878

- Расказ на непознат автор за неговото патување низ Македонија.

325-1-196

1878

- Податоци за составот на населението во Македонија.

325-1-197

1878

- Преписка во врска со немирите меѓу Албанците.

325-1-198

1879

- Барање дозвола за бесплатно патување на Јусуф Бело.

325-1-199

1879

- Овластување на Јусуф Али Бело да преземе мерки за зачувување на независноста на Албанија.

325-1-202

1887

- Овластување дадено на Исак Р. Обшчиј од страна на Македонско-албанската лига.

325-1-203

1887

- План на Македонско-албанската револуционерна лига за заедничко востание во Македонија и Албанија.

325-1-204

1887

- Известување за создавањето на Македонско-албанската револуционерна лига.

325-1-275

1873

- Писмо на јеромонахот Арсение Зографски до М. Ал. Хитрово.

325-1-287

1878-1879

-Извештаи на Бискучио Николај, Пјотр и Силвио од Солун, Прилеп и други градови испратени до Рускиот конзулат во Турција и до Хитрово.

325-1-293; 325-1-315; 325-1-354

1866-1878

- Писмо до М. А. Хитрово од Булгарис Леонидас, Лука Вукаловиќ и Василиј Дијамандиев.

325-1-370; 325-1-420

1864-1865

- 20 писма на А. Е. Лаговски до М. А. Хитрово.

325-1-451; 325-1-487; 325-1-526

1866-1880

- Писма на А. Лапе, М. Мирчев и Офенберг до М. А. Хитрово.

325-1-548

1892

- 6 писма на А. Д. Путјата во врска со подготовките за револуционерно движење.

325-1-551; 325-1-574; 325-1-575; 325-1-592; 325-1-595

1866-1880

- Писма на П. Радев, Симеон Архимандрит, Н. С. Спространов и К. Станишев до М. А. Хитрово.

325-1-625; 325-1-648; 325-1-671

1878

- Писма на М. К. Улјанов, М. Хубмаер и Јусуф-беј до М. А. Хитрово.

325-1-676

1880

- Писмо до М. А. Хитрово со известување за затворањето на пет невини лица.

325-1-672

1866-1878

- Осумнаесет писма и телеграма од конзулот во Битола, Н. Ф. Јакубовски.

325-1-785

1880

- Барање од претставници на Штип да се заштитат нивните политички и религиозни права.

325-1-788; 325-1-799; 325-1-810

1865-1880

- Писма до М. А. Хитрово од В. Богданов, Л. Вулгарис и Х.Узуновиќ.

325-1-813

1867

- Барање на христијанското население од Битола да се изгради православна црква во с. Харихан.

МИКРОФИЛМ: 1048 (дополнителни снимки)

388-1-3

1878

- Говор на И. С. Аксаков по повод Берлинскиот конгрес.

325-1-88 до 325-1-782

1866-1881

- Писма од разни лица до М. А. Хитрово и од М. А. Хитрово.

325-1-49

1879

- Два билети за лотарија во корист на Солунското училиште.

## КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ ДЕЈЦИ

АРХИВ АН СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ

**(АРХИВ НА АН НА СССР - ФИЛИЈАЛА ЛЕНИНГРАД)**

**ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ**

**МИКРОФИЛМ:** **1927**
**ГОДИНИ:** **1887-1912**
**СНИМКИ:** **124**
**JАЗИК:** **руски**

**СОДРЖИНА: Микрофилмувани материјали за животот и дејноста на К. П. Мисирков и П. Д. Драганов**

Ф. 752, оп. 2, д. 210

1904

- Писмо на К. П. Мисирков до Б. М. Љапунов во кое зборува за неговата желба да се префрли од Бердјанск во Одеса, каде што ќе има подобри услови за научна работа.

Ф. 134, оп. 3, д. 806

- Писмо на П. А. Лавров до А. А. Шахматов за неговиот зборник народни песни од источна и северна Македонија, неколку песни запишани од К. П. Мисирков во с. Постол.

Ф. 35, оп. 1, д. 952

1904-1912

- Писма на К. П. Мисирков до В. И. Ламански во кои дава доста податоци за себе, за печатењето на брошурата “За македонцките работи” во Софија и др.

Ф. 281, оп. 2, д. 144

- Писмо на П. Д. Драганов до К. Ј. Грот со кое го известува дека му ги праќа материјалите за “Хронолошки преглед на научните трудови и статии на В. И. Ламански” во врска со прославата на 50-годишниот јубилеј на Ламански.

Ф. 105, оп. 2, д. 82

1895-1903

- Писма на П. Д. Драганов до П.С. Паљмов во врска со печатењето на неговите трудови, подготовките за прославата на јубилејот на Ламански.

Ф. 156, оп. 2, д. 136

1903-1904

- Писма на П. Драганов до А. И. Љашченко во кои известува за некои свои трудови.

Ф. 95, оп. 2, д. 332

1895

- Писмо на Драганов до А. А. Кунци во кое го известува дека од идната година ќе стапи на служба во Императорската библиотека на Академијата на науките.

Ф. 101, оп. 2, д. 36

1901

- Писмо на Драганов до М. И. Сухомлинов во кое бара средства за работа на трудот "Сеопшта библиографија на изворите...".

ф. 752, ОП. 2, Д. 85

1909

- Писмо на П. Драганов до Б. М. Љапунов во врска со некои лингвистички прашања.

Ф. 35, оп. 1, д. 492

1887-1888

- Писма на П. Драганов до В. И. Ламански во кои станува збор за обезбедување средства за издавање на неговите дела ("Македонски зборник" и др.); за собирањето материјали за овој зборник од учениците на Солунската

гимназија; првиот дел на неговиот “Етнографски зборник”; начинот на средување на вториот дел од зборникот.

Ф. 134, оп. 3, д. 480 (в. МФ-4375)

1899-1909

- Писма на П. Драганов до А. А. Шахматов за: неговата работа врз руската литература и словенската филологија; монографијата “Многујазичниот Пушкин”; работата на “Сеопштата Кирило-Методиевска библиографија” и др. дела; се нуди да подготви јубилејна библиографија на научните и литературните трудови на В. И. Ламански.

Ф. 35, оп. 1, д. 492[а]

1901-1908

- Писма на П. Драганов до В. И. Ламански за: намерата да ја објави “Сеопштата Кирило-Методиевска библиографија”, за мотивите да ја напише оваа работа; ги набројува своите научно-литературни трудови.

Ф. 9, оп. 1, д. 1176

1896

- Библиографски преглед на литературата на Јужните Словени, Галичка и Угорска Русија за 1895 година: I. Систематски преглед на поважните дела на бугарската литература во периодични изданија и одделни трудови; II. Руските писатели и научници во превод на бугарски.

## АРХИВ АН СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ
## (АРХИВ НА АН НА СССР - ФИЛИЈАЛА ЛЕНИНГРАД)

### ФОНД: ПРЕПИСКА НА ПРОФ. И. А. БОДУЕН ДЕ КУРТЕНЕ

| | |
|---|---|
| **МИКРОФИЛМ:** | **XVIII/1170** |
| **ГОДИНИ:** | **1901-1905** |
| **СНИМКИ:** | **11** |
| **ЈАЗИК:** | **полски, руски** |

**СОДРЖИНА: Документи за Крсте Мисирков**

Ф. 102, оп. 2, Н. 211

1901

- Писмо на К. Мисирков на полски јазик до (веројатно) проф. И. А. Бодуен де Куртене во кое го моли да ја одложи закажаната средба со него.

- Дописница адресирана до И. А. Бодуен де Куртене, професор на С. - Петербуршкиот универзитет, во која бара да му одреди тема од областа на славистиката или компаративната лингвистика.

- Барање да му се одреди средба за консултации во врска со изработката на неговата тема.

1905

- Известување на Мисирков дека има намера да го издава во Одеса списанието “Вардар” посветено на изучувањето на Словенството на Балканскиот Полуостров, а посебно во Македонија. Мисирков му се обраќа на професорот со барање податоци за некои поважни настани од животот на полскиот народ што би ги сместил во првиот број на списанието.

АРХИВ АН СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ

**(АРХИВ НА АН НА СССР - ФИЛИЈАЛА ЛЕНИНГРАД)**

**ФОНД: П. А. ЛАВРОВ И П. Д. ДРАГАНОВ**

**МИКРОФИЛМ:** **4375**
**ГОДИНИ:** **1885-1903**
**СНИМКИ:** **241**
**ЈАЗИК:** **македонски, руски**

**СОДРЖИНА: Микрофилмувани материјали од фондовите "Лавров, Пјотр Алексеевич" и "Драганов, Петар Данилович"**

**ЛАВРОВ ПЈОТР АЛЕКСЕЕВИЧ**

Ф. 284, оп. 2, ед. хр. 81 (40)

- Записи на неидентификуван Македонец за неговото семејство, за Воден и околината, за неговото патување во Петербург.

**ДРАГАНОВ ПЕТАР ДАНИЛОВИЧ**

Ф. 35, оп. 1, 3 д. хр. 554 (54)

- Писма на П. Д. Драганов до В. И. Ламански за: текот на работата и издавањето на неговиот труд "Македонски зборник"; начинот на собирањето примероци на народната поезија и проза од страна на учениците на Солунската гимназија, сите Македонци; етнографските материјали собрани од Срби и Бугари како и од странски слависти; преглед на зборници за македонската етнографија; неговиот однос кон "српството" и "бугарството"; за посебноста на македонскиот јазик и за постоењето литература на тој јазик; писма во врска со издавањето на неговата "Сеопшта Кирило-Методиевска библиографија за првите илјада години"; разни честитки, изрази на сочувство, свидетелства, барања и др.

- Записи на разни народни песни од Серско.

Ф. 134, оп. 3, ед. хр. 480 (48)

- Писма на П.Д. Драганов до А. А. Шахматов во врска со некои методолошки упатства за "Сеопштата Кирило-Методиевска библиографија..."; за објавувањето на повеќе негови статии; разни барања, изрази на благодарност и др.

ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ГОСУДАРСТВЕННЫЙ ИСТОРИЧЕСКИЙ АРХИВ СССР В Г. МОСКВЕ

**(ЦЕНТРАЛЕН ДРЖАВЕН ИСТОРИСКИ АРХИВ НА СССР ВО Г. МОСКВА)**

**ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ**

**МИКРОФИЛМ:** **320**
**ГОДИНИ:** **1858-1915**
**СНИМКИ:** **211**
**МЕТРИ:** **12**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски, француски, англиски**

**СОДРЖИНА: Материјали за историјата на Македонија:**
**Македонците во Русија**

Фонд 1750, опис 1, ед. хр. 17
1868
- За состојбата на словенските народи во европскиот дел на Турција.

Ф. 1750, оп. 1, ед. хр. 392
1876
- Податоци за студентите од бугарска, српска, црногорска и друга националност што се школувале во Русија.

Ф. 1750, оп. 1, ед. хр. 418
1858-1860
- Белешки за Д. П. Марков, К. И. Жинзифов, К. И. Везенков, А. С. Стоенова.

Ф. 730, оп. 1, ед. хр. 79
1881
- Манифест на Привремената македонска влада со повик за борба против турската власт.

Ф- 730, оп. 1, ед. хр. 1088

1876

- Положб ата на словенското население во Европска Турција.

Ф- 730, оп. 1, ед. хр. 1964

1893

- Барање средства од Русија за испраќање делегација до Високата Порта.

Ф. 892, оп. 1, ед. хр. 75

1885

- Патеписни белешки за Македонија.

Ф. 102, оп. 1902, ед. хр. 2812

1902

- Организирање добротворна вечер во корист на емигрантите од Македонија.

Ф. 102, оп. 1904, ед. хр. 11

1904

- Проект-статут на Македонско-одринското општество во Кале.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1654

1911

- Акт на Внатрешната организација до конзулите на големите сили за положбата во Македонија.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1668

1915

- Документ од Министерството на војната за слободно патување во новоослободените земји.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1675

1913

- Состојбата во Кумановско по доаѓањето на српската власт.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1684

1913

- Меморандум на Македонците до владите и општественото мнение на сојузничките балкански држави.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1685

1913

- Напис на В. С. Везенков "Само автономна Македонија може да ја прекине братоубиствената војна на Балканот".

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1695

1913

- Писма на охридскиот егзарх за положбата во македонските области окупирани од српската војска.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1696

1913

- Апел од I Конгрес на Македонско-бугарската алијанса во САД и Канада упатен до големите сили.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1713

- А. Везанков - за положбата во Македонија по Балканските војни.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1728

1914

- К. Мисирков - Реч произнесена на Општословенското собрание во Одеса.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 1729

1914

- К. Мисирков - писмо до претседателот на Московскиот словенски комитет, Н. И. Гучков.

Ф. 579, оп. 1, ед. хр. 5471

1914

- Писмо на Македонците од Одеса.

- Известување за писмото на одеските Македонци испратено до писателот Л. Андреев.

ГОСУДАРСТВЕННЫЙ ИСТОРИЧЕСКИЙ АРХИВ ЛЕНИНГРАДСКОЙ ОБЛАСТИ

**(ДРЖАВЕН ИСТОРСКИ АРХИВ НА ЛЕНИНГРАДСКАТА ОБЛАСТ)**

**ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ**

**МИКРОФИЛМ:** **1920**
**ГОДИНИ:** **1882-1915**
**СНИМКИ:** **605**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски**

**СОДРЖИНА: Документи за македонските студенти во Русија**

Фонд 400, опис 1, дело 1451

1912

- Барање на Слава Станишева до Советот на Словенското добротворно друштво да ѝ помогне да го продолжи школувањето во некое средно женско училиште.

Ф. 287, оп. 1, д. 282

1914

- Документи во врска со барањето на Л. М. Шах-Паронианц, Д. П. Чуповски и В. М. Смјелков за регистрација на Руско-македонското друштво “Св. Кирил и Методија”: барање, изјави, решенија и статут на Друштвото.

Ф. 14, оп. 3, дело 34653

1897-1904

- К. Мисирков: разни документи во врска со неговото школување на Историско-филолошкиот факултет во Петроград; документи за неговото образование во Белград и Полтава; документи во врска со неговото префрлување на факултетот во Одеса; уверенија, сметкопотврди, билети и др.

Ф. 14, оп. 3, д. 22410

1882-1885

- П. Драганов: молба да се префрли на школување во Харков; свидетелство за завршена III год. на Универзитетот во Харков; диплома за завршен Историско-филолошки факултет во С.-Петербург.

Ф. 14, оп. 3, д. 39324

1901-1906

- Ф. А. Николаевиќ: барање да биде примен на Петроградскиот институт за источни јазици; барање да се префрли во Харков на Правниот факултет; барање дозвола за патување во татковината и др.

Ф. 14, оп. 3, д. 41843

1906

- А. С. Ѓоловиќ: документи во врска со неговото студирање на Факултетот за источни јазици во С.-Петербург.

Ф. 14, оп. 3, д. 40467

1902-1903

- Н. К. Ничота: документи во врска со неговото запишување на С.-Петербуршкиот универзитет и префрлувањето на Московскиот универзитет.

Ф. 400, оп. 1, д. 1089

1903-1909

- Р. Т. Петковски, Н. Ничота, И. Ношчев, А. Ѓоловиќ и Г. Константиновиќ бараат материјална помош или стипендии од Словенското добротворно друштво.

Ф. 400, оп. 1, д. 1066

1902

- Р. Русуленчиќ, Н. Ничота и Р. Т. Петковски бараат средства за школување од Словенското добротворно друштво.

Ф. 1480, оп. 9, д. 1868

- Димов Атанас - податоци за него.

Ф. 14, оп. 1, д. 701

1902-1903

- К. Мисирков: изјави, уверенија, свидетелства, предлози и др. во врска со школувањето на Мисирков во Русија.

Ф. 400, оп. 1, д. 1407

1912

- Потврда дека Г. К. Константиновиќ е ординатор на Клиниката за патологија и терапија на внатрешни болести при Воено-медицинската академија во С.-Петербург; молба да биде назначен за лекар во некој од одредите што се испраќаат во Србија и Црна Гора; уверение дека се упатува на располагање на Црвениот крст на Црна Гора.

Ф. 14, оп. 3, д. 40348

1902-1903

- Р. Русуленчиќ: свидетелство за зрелост; свидетелство за завршен IV клас гимназија во воденското грчко училиште; барање да се префрли на Новоросијскиот универзитет - Медицински факултет во Одеса.

Ф. 14, оп. 3, д. 40374

- Н. Антоновиќ: барање да биде примен на студии на Природонаучниот факултет на Петербуршкиот универзитет со потребните документи.

Ф. 994, оп. 4, д. 2963

1903-1911

- И. Ношчев: барање да биде примен на Шумарскиот факултет; барање дозвола од здравствени причини да отпатува во Македонија; свидетелство за зрелост; диплома за завршен Шумарски факултет.

Ф. 963, оп. 1, д. 11322

1903-1908

- Х. Бобатинов: свидетелство за зрелост; барање да биде примен на Шумарскиот факултет; диплома за завршен факултет и др.

Ф. 994, оп. 4, д. 2808

1901-1907

- Т. З. Захариев: студент на Шумарскиот факултет, бара дозвола и билет за патување во татковината; дозвола за стапување во брак; свидетелство за зрелост; диплома за завршен Шумарски факултет.

Ф (?). опис 1, дело 206

1914

- Писмо до непознато лице во врска со животот и работата на браќата Павле Чуповски и Димов.

Ф. 776, оп. 14, д. 185

1904-1907

- К. Мисирков: барање до Министерството за внатрешни работи да му се дозволи издавање на месечнто списание "Вардар", со програма и други документи.

Ф. 744, оп. 6, д. 449

1903

- К. Мисирков бара да биде одреден за наставник во некое руско средно училиште поради неможноста да се врати во татковината.

Ф. 733, оп. 151, д. 35

1902-1903

- К. Мисирков: бара да му се признае правото неговото образование во Русија да му послужи за вршење педагошка дејност.

- Н. Антоновиќ: барање да биде примен на Медицинскиот факултет; диплома за завршен Историско-филолошки факултет.

Ф. 727, оп. 14, д. 226

1909

- Дозвола за излегување на С.-Петербуршкиот весник “Деловен Петербург” со наведена програма.

Ф. 727, оп. 1, д. (?)

1913-1914

- Дозвола за излегување на весникот “Македонский голос” (“Македонски глас”).

Ф. 1384, оп. 246, д. 484

1914

- Н. Димов: документи во врска со барањето да стане државјанин на Русија.

Ф. 1284, оп. 187, д. 150

1912

- Документација во врска со регистрацијата на Словено-македонското национално-просветно друштво “Св. Кирил и Методија”; статут на Друштвото.

Ф. 733, оп. 150, д. 1884

1897

- Акти во врска со барањата на Стаменковиќ и Петковиќ да им се признае дотогашното школување во татковината за да се запишат на Воено-медицинската академија, барање да се реши прашањето за приемот на Јужните Словени на руските факултети.

Ф. 707, оп. 96, дело 250

1911

- Обраќање на М. А. Мушевиќ до рускиот Синод со барање помош за обновување на манастирот “Св. Атанас” во Житоши и за олеснување на тешката положба на македонското население.

Ф. 740, оп. 47, д. 15

1915

- Податоци за П. Д. Драганов, директор на гимназијата во г. Кагуљ, неговата просветна работа од 1885 до 1913 година, карактеристика на неговата работа.

Ф. 733, оп. 150, д. 1370

1897

- Обраќање на авторот до Турција, но и до македонските борци за слобода, кои самите ќе ја извојуваат, без помош од бугарскиот кнез и бугарската влада. - Песна "Кон војводата".

XI. 2282/5

Устав на Македонското друштво, Софија.

Печатница на Димитар Б. Брзанов, 1895 година.

## АРХИВ АН СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ
## (АРХИВ НА АН НА СССР - ЛЕНИНГРАД)

### ФОНД: ПЕЧАТ

**МИКРОФИЛМ:** **M-XVIII/1169**
**ГОДИНИ:** **1885-1913**
**СНИМКИ:** **21**
**ЈАЗИК:** **руски**

**СОДРЖИНА: Написи во рускиот печат во врска со Македонија**

1. “Свет”, (“Светлина”), бр. 147, 1885 год.

Марко Атанасов Мушевиќ - Македонец известува за:

- тешката положба на македонскиот народ под турско ропство; ѕверствата на турските власти; дејствувањето на католичката и протестантската пропаганда преку верските и школските установи и бара заштита на македонскиот народ од страна на православна Русија.

“Свет”, (“Светлина”), бр. 154, 1885 год.

- За состојбата во Македонија; дејствувањето на разбојничките банди; бегањето на народот во Бугарија и Србија; односот на бугарската влада на Каравелов кон Македонците; борбата на словенската и германската идеја.

2. “Луч” (Зрак”) Бр. 131, 1913 год.

Говор на С. Д. Чхенкели на седницата на Државниот совет:

- Завојувачката политика на Русија на Балканскиот Полуостров; виновниците за Балканските војни; целите на балканските влади; улогата на руската дипломатија.

“Луч” (Зрак”), бр. 132, 1913 год.

Продолжение од претходниот број:

- за односот на Миљуков кон Балканските војни; меморандумот на македонската колонија во Петроград која се залагаше за независност на Македонија; спроведувањето терор во завојуваните македонски земји.

“Луч” (Зрак”), бр. 134, 1913 год.

Австрија и Русија на Балканскиот Полуостров - воведна статија:

- За целите на Балканскиот сојуз; улогата на Австрија и Русија во балканската криза; можното решение на оваа криза преку создавање на слободна автономна Македонија.

“Луч” (Зрак”), бр. 150, 1913 год.

Резолуција донесена на седницата на Правничкото друштво во врска со Балканските војни:

- осуда на играта на династичките и империјалистичките интереси што се во основа на политиката на балканските земји; предлог за создавање слободна демократска федерација на сите народи на Балканот; осуда на војната која предизвикала многу човечки жртви.

3. “Жизнь” (Живот”), бр. 16, 1913 год.

“Мир на Балканот”

- За мирот во Букурешт; положбата на балканските земји по завршувањето на војната; економска резолуција во сите балкански земји; аграрна реформа во земјите “ослободени” од Турците; за односот на Русија кон Балканот во новосоздадената ситуација.

4. “Утро Росии” (“Утро на Русија”), бр. 46, 1913 год.

“Македонија”:

- Кратка историја на Македонија; редослед на нејзините завојувачи; борбата на македонскиот народ за ослободување за време на Балканските војни; поделба на Македонија.

5. “Симбирянин: (“Симбирјанец”), бр. 1790, 1913 год.

С. Иљин, “Гордиев јазол”

- Братоубиствена војна меѓу доскорешните сојузници.

- Борба за Македонија; создавање на Албанија од страна на Австрија и Италија; поделба на Македонија.

"Симбирянин: ("Симбирјанец"), бр. 1792, 1913 год.

- За решавањето на македонското прашање низ органите на рускиот печат.

С. Иљин - "Кон судбината на Македонија".

"Симбирянин: ("Симбирјанец"), бр. 1808, 1913 год.

"Белиот терор во Македонија"

- За состојбата во Македонија под власта на новите поробувачи; вршење репресии во сите делови на Македонија - под српска, грчка и бугарска власт.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР "В. И. ЛЕНИН" - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ: 1253**
**ГОДИНИ: 1912-1915**
**СНИМКИ: 58**
**JАЗИК: руски**

**СОДРЖИНА: Статии од списанија и весници**

1. "Славяне" (Словени"), весник за словенска литература, наука, уметност. Петроград, мај 1915 год.

К. Пељски, "Борба за автономија":

- Борбата на македонскиот народ за ослободување од турското ропство во Илинденското востание; Балканските војни и освојувачките тенденции на Грција, Бугарија и Србија; борбата на Македонците за автономија на Македонија.

2. М. Красножен, "Судбината на Македонија", Зборник на научно-литературното друштво при Императорскиот јурјевски универзитет

- Краток преглед на историјата на областа Македонија од најстаро античко време, преку времето на основачите на словенската црква Кирил и Методија, времето на аспирациите кон Македонија на бугарските и српските владетели па сѐ до појавувањето на бугарската и на српската пропаганда по формирањето на српското и бугарското кнежество.

3. В. Везенков, "Македонија и причината за Балканската војна", Изд. на Московскиот балкански комитет, со прилог: портрети на Александар,

Фердинанд, Никола I, Петар I и Георг I, карта на Македонија, Албанија и Стара Србија и повеќе фотографии.

I. Македонија: опис на природата; тешкиот живот на македонското население под турско ропство; постојани бунтови и востанија и крвава одмазда на Турците; обиди за реформи.

II. Македонското прашање како дел од “источното прашање”; неуспешни обиди за подобрување на положбата на населението; ослободителни војни на балканските земји; Санстефанскиот мир и Берлинскиот конгрес; Кресненското востание; разбојништвото и административната анархија; Мирцштегските реформи; Младотурската револуција.

III. Четничкото движење: организација на револуционерното движење; Кресненско востание; Разловечко востание; формирање на Внатрешната револуционерна организација.

IV. Внатрешна организација: организирање на христијанското население за оружен отпор против турското ропство; Виничка афера.

V. Борба на властите против Внатрешната организација.

VI. Турските ѕверства во Македонија, Стара Србија, Адријанополската област и востанието: засилување на ѕверствата на Турците; подготовка на востанието; список на изгорени села по околии; борби меѓу Турците и револуционерните чети.

VII. Исчезнување на “бугарската” раса од Македонија: истребување на словенското население во Македонија; истерување од родните места; емиграција во Бугарија и Америка.

VIII. Манифест на Англискиот балкански комитет: повик за обединување на европските држави против турските ѕверства на Балканот.

IX. Кус историски и административен преглед: античка Македонија; населување на Словените на Балканот; доаѓање на Турците; административно уредување на Македонија за време на турското владеење.

X. Европска Турција и театарот на воените дејства: положбата и границите на Македонија; орографијата и хидрографијата; животинскиот свет, главните градови, составот на населението.

XI. Крај на турското ропство: договор меѓу Србија, Бугарија, Црна Гора и Грција за заеднички дејства против Турција; општа мобилизација (17.IX.1912); почеток на Првата балканска војна.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР "В. И. ЛЕНИН" - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ: 1056**

**ГОДИНИ: 1886-1917**

**СНИМКИ: 151**

**ЈАЗИК: руски**

**СОДРЖИНА: Извадоци од книги, списанија и написи од весникот "Славянские известия" ("Словенски вести")**

I. А. Амфитеатров, "Земја на раздорот" - Балкански впечатоци, С. - Петербург, 1907 год.

Впечатоци од патувањето на авторот по Македонија:

- Рассудувања за самобитниот карактер на македонското национално битие; дејствувањето на странските пропаганди во Македонија.

Забелешки за ослободителното движење во Македонија;

- За тешките услови за живот на македонското население под турска власт; појавата на отпор и за предусловите за изведување на успешно востание.

II. В. В. Водовозов, "На Балканот", - Статии, патни белешки, Петроград, 1917 год.

Низ српска Македонија - белешки на авторот за положбата во Македонија по Балканските војни:

- Карта на Македонија со состојбата по Букурешкиот мир; разни погледи во врска со националното определување на Македонците; статистички податоци за составот на населението во Македонија; состојбата во Македонија по Младотурската револуција; поделба на интересните сфери во Македонија меѓу

соседните земји; борба на “автономистите” за самостојна Македонија; договор меѓу Србија и Бугарија за поделба на Македонија; Балканските војни и последиците од нив.

Јане Сандански:

- Биографски податоци и податоци за неговата револуционерна дејност по повод неговото загинување во април 1915 година.

Прилог:

- Таблица со српски официјални податоци за бројот на населението по административни единици и за неговиот распоред по религија и националност на териториите што ги добила Србија по Букурешкиот мир од 1913 година.

III. В. Ј. Теплов, “Турските реформи во врска со прашањето на Македонија и Стара Србија”, С. - Петербург, 1903 год.

Кратка историја на Македонија:

- Доаѓање на Словените на Балканот; потпаѓање на Македонија под турско ропство; борба на соседните земји за свои влијанија во Македонија.

За етнографскиот состав на населението во Македонија и положбата на христијанското население под турско ропство:

- Обесправеноста на христијанското население; првите појави на отпор - создавање на револуционерни комитети; најавување реформи од страна на турските власти.

Султански инструкции (ираде) за подобрување на состојбата во Македонија:

- План за реформи во румелиските вилаети; руско-австриски меморандум за подобрување на положбата во Македонија; борба на соседните држави за ширење на своите влијанија во Македонија.

Внатрешна македонско-одринска организација:

- Појава, организација и работа на ВМРО; случајот со Мис Стон; разијдување меѓу Внатрешниот македонски комитет и македонските комитети во Бугарија; распуштање на комитетите во Бугарија; зулуми на албанските банди во Македонија и Стара Србија; развиток на револуционерното движење во Македонија и подготовки за востание.

IV. Написи од весникот "Славянские известия", ("Словенски вести")

Извештај од Македонија за т.н. "востание на Јанков и Николов" од 1902 година:

- Проглас на полковникот Јанков до Македонците; решение на Врховниот македонско-одрински комитет од 2 октомври 1902 година.

К. Мисирков, "Економските причини за македонското движење":

- За материјалната состојба на македонското село: земјоделство, сточарство, риболов, лозарство.

П. Драганов, "Етнографски преглед на словенскиот дел на Македонија":

- Преглед на сите познати македонски племиња и колена, нивна етнографска карактеристика, особености на говорот, облеката, внатрешната и надворешната култура на секое племе, истакнатите македонски дејци, научници, писатели од разни племиња.

- Дејствување на странските пропаганди преку Бугарската егзархија, Пеќката патријаршија, Цариградската патријаршија како и римско-католичката пропаганда преку отворање на бугарски, српски и грчки училишта; дејствување на разбојничките банди во Дебарско.

К. Шапкарев, "Писмо до редакторот":

- Коментар на авторот за некои наводни неточности во статијата за Македонија на П. Драганов.

М. Дринов, "Неколку исправки кон етнографската белешка на г. Драганов".

П. Драганов, “Општа етнографска белешка за македонската провинција”

- Општи податоци за името, составот, површината, населението, за јазиците што се употребуваат во Македонија, за претставниците на македонската преродба, за културно-политичките текови.

Стремјага, “За Македонија и Македонците”:

- За Македонците како посебно самостојно словенско племе; неговата борба за автономија на Македонија како единствен начин за решавање на македонското прашање; македонската интелигенција и нејзините стремежи за самостојна Македонија.

Н. Сурин, “Автономии на Балканот”:

- За борбата на соседните земји за поделба на Македонија.

Вега, “Македонско-романското прашање”:

- За романската пропаганда во Македонија, планот на Романија за создавање автономна Куцовлахија.

А. Ф. Риттих, “Македонија”:

- За историјата на македонскиот народ од доселувањето на Словените, за поделбата на Македонија.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР "В. И. ЛЕНИН" - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ:** **1060**
**ГОДИНИ:** **1894-1905**
**СНИМКИ:** **418**
**ЈАЗИК:** **руски, француски**

**СОДРЖИНА: Извадоци од книги, зборници и весници; дипломатска преписка**

I. Записки императорского русского географического общества по отделении этнографии" (Записи на императорското руско географско друштво - одделение за етнографија); Т. XXII, вып. 1

"Македонско-словенски зборник", - сост. П. Драганов, С. - Петербург 1894

- Вовед за составот, содржината и историјата на настанувањето на зборникот.
- Глава I: епски, историски, јуначки, политички, разбојнички и др. песни (по циклуси и редослед).
- Заклучна белешка.

II. "Из истории межславянских связей" (Од историјата на меѓусловенските врски); АН СССР, Москва, 1963.

В. Н. Кондратјева

- Заговор на Австрија и Турција со цел да се задуши националноослободителното движење на Балканот во 60-те години на XIX век (според конзуларни извештаи); националноослободителното движење на

балканските народи под австроунгарска власт; договор на Австрија и Турција за задушување на националноослободителните движења и заеднички усилби да се спречи доаѓањето на Гарибалди на Балканскиот Полуостров; распаѓање на австро-турскиот сојуз.

"Русский вестник" (Руски весник), јуни 1903, С. - Петербург.

В. Теплов, - "Солунската трагедија и новиот курс на Бугарија".

- Акциите на солунските атентатори; одмазда на турските власти; напуштање на русофилската политика од страна на Бугарија и свртување кон Австрија и Турција; преговори со Турците за македонското прашање; акции на Албанците против реформите; разни сфаќања за решавање на македонското прашање.

IV. "Дипломатическая переписка - Реформы в Македонии" (Дипломатска преписка - Реформите во Македонија); Министерство иностранных дел; С. - Петербург, 1906.

1903-1905

- Телеграма до рускиот и австрискиот конзул во Цариград во врска со предложените реформи во Македонија; инструкции испратени до Портата за воспоставување контрола на спроведувањето на реформите; решение на ВМРО привремено да ги прекрати своите акции; засилување на пропагандите; борба меѓу странските чети; тешкотии при спроведувањето на реформите и први резултати.

V. Дипломатска преписка - Реформите во Македонија, 1902-1903.

1902-1903

- Соопштение на царската влада за немирите во Македонија; интересот на Русија за мирни преобразби на Балканот по пат на реформи; проект на руско-австриски реформи; согласност на државите - потписнички на Берлинскиот договор и Турција; бунт на Албанците против спроведувањето на реформите; незадоволството на македонските револуционери од реформите; барање автономија.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР "В. И. ЛЕНИН" - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ:** **1059**
**ГОДИНИ:** **1876-1934**
**СНИМКИ:** **227**
**ЈАЗИК:** **руски, бугарски, англиски**

**СОДРЖИНА: Извадоци од книгата на А. Барби "Џелати", статии од списанијата** "Московский еженедельник", "Вестник Европы", "Русский вестник", "Коммунистический интернационал" и "Большевик"

I. Анри Барби - "Џелати" - Белиот терор на Балканот; Изд-во ЦК МОПР СССР, Москва, 1927 год.

- Истражување на Анри Барби и неговите соработници за белиот терор во балканските земји: кратка историја на ВМРО од формирањето до 30-те години на XX век; ВМРО како оружје на бугарската влада за спроведување на белиот терор; формирање на комитети за заштита од белиот терор; идеја за балканска федерација; формирање на Федеративната народна партија од левото крило на ВМРО.

II. "Московский еженедельник: (Московски неделник")

1. Scardiacus - "Македонското прашање":

- За спроведувањето на реформите во Македонија.

2. Ф. Духовецки - "Писма од Цариград":

- Положбата во Турција по донесувањето на Уставот; национално и верско истребување; автономна Македонија во сфаќањето на младотурците.

3. Fifth National congres of the Macedonian people's league, held may-june 2 DN, 1935, Akron, Ohio

- Програма на Конгресот.

4. Г. Димитров, "Stop the execution of the soldiers in Bulgaria"

5. Д. Влахов, - "Емиграцијата во Америка и македонското ослободително движење"

- МПО - навлегување во организацијата на предавници на македонското дело; основање на Македонскиот народен сојуз (МНС) во Америка; борба меѓу МПО и МНС.

6. "Границите на Македонија и нејзините природни богатства"

- со карта на Македонија

7. С. Војданов - "Доста заблуди, доста измами":

- Поделба на Македонија во Букурешт; продолжување на борбата; создавање на МПО (Македонски прогресивни организации) и МНС (Македонски народен сојуз) во емиграцијата; братоубиствена борба меѓу припадниците на разни македонски струи.

8. "Организации на МНС во Мичиген. Охајо, Чикаго во Канада"

9. Г. Пирински - "Главна ударна задача на Петтиот конгрес":

- За улогата и задачите на МНС во Америка.

10. К. Д. Мишев - "За единствена борба против гладот, фашизмот и војната":

- За единството на македонските здруженија во странство.

11. "Подготовки на војната и фашизмот":

- Вооружување на империјалистичките земји; македонскиот врховистички националфашизам.

12. Дневен ред на V Конгрес на МНС (30, 31.I -1-2.VI)

III. “Вестник Европы” (Весник на Европа) - септември 1908 г.

1. И. Кашинцев - “Криза во македонското ослободително движење”:

- Историја на македонското револуционерно движење: I фаза - заштита на населението; II - сенародно востание; противречности меѓу четите на ВМРО и бугарските комитети; засилување на странските пропаганди во Македонија по неуспешното востание; расцеп на Организацијата на централисти и врховисти.

IV. “Ученые записки Казанского ГУ им. В. И. Ленина” (Научни прилози на Казанскиот државен универзитет “ В. И. Ленин”):

1. А. С. Шофман, “Од историјата на националноослободителното движење во Македонија на крајот на XIX и почетокот на XX век”

- Социјално-економските претпоставки за движењето; основни етапи и особености на движењето; Илинденското востание; активирање на револуционерното движење по 1905 год.; расцеп во движењето; Младотурската револуција; македонското прашање за време на Балканските војни; Букурешката конференција.

V. “Русский вестник” (Руски весник):

1. В. Теплов, “Македонски немири”:

- За реализирањето на руско-австроунгарските реформи во Турската Империја; положбата на Македонија пред Илинденското востание.

2. В. Теплов - “Бугарија и македонското востание”:

- Положбата во Македонија пред Илинденското востание; текот на востанието; убиството на конзулот Ростковски; план за решавање на македонското прашање испратен од Македонскиот комитет.

3. В. Теплов - “Македонија”:

- Конференција за македонските работи одржана во Софија (1905); создавање на семакедонска организација “Добротворен сојуз”; дејствување на

пропагандите на соседните земји; податоци за составот на населението на Балканскиот Полуостров објавени во германското списание “ “.

4. Странник - “Писмо од Цариград - Немири во Македонија”:

- Немири предизвикани од Албанците против Турците; странските пропаганди во Македонија.

VI. “Коммунистический интернационал” (Комунистичка интернационала) бр. 25-26

1. Х. Кабакчиев, “Националното и аграрно-селанското прашање на Балканот”:

- улогата на балканските буржоазии во борбата за национално ослободување на своите земји; ВМРО - оружје на бугарската буржоазија во нејзината фашистичка политика; појава на ВМРО; развиток на работничкото движење; аграрната реформа во Југославија; националното прашање и балканските комунистички партии.

2. В. И. Зуев - “Гоце Делчев - истакнат деец на македонското ослободително движење”:

- Создавање на ВМРО; создавање на Врховниот македонски комитет; создавање на Македонскиот револуционерен социјалдемократски сојуз.

3. В. Н. Кораблев - “Настаните во Македонија и Стара Србија”:

- Причините за македонското движење; дејноста на ослободителните комитети; турските реформи; важноста на македонското прашање за Русија; задачите на Русија за заштита на словенското население на Балканскиот Полуостров.

VII. “Большевик” (“Болшевик”)

1. С. Тимов - “Противречностите на империјализмот и националното прашање на Балканот”:

- Интересите на големите држави на Балканот; противречностите меѓу националните клики на балканските буржоазии; националното прашање и

националноослободителното движење; идејата за создавање балканска комунистичка федерација.

2. С. Н. Сапунов - "Балканска комунистичка федерација":

- Парола за работничко-селанска влада во Бугарија; белиот терор во Бугарија, Југославија, Романија и во Грција.

VIII. "Коммунистический интернационал" - Секции на Коминтерната:

1. Советување на Балканската комунистичка федерација (24-26.II.1923 година во Виена).

2. Проект на Уставот на Балканската комунистичка федерација.

3. В. Коларов, "Комунистичката партија и политичката положба на Бугарија".

4. Радев, "Инструкција на парламентарната група на БКП".

5. Економската и политичката положба на Југославија.

6. Политичката и економската положба на Грција.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР “В. И. ЛЕНИН” - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ: 1062**
**ГОДИНИ: 1899-1910**
**СНИМКИ: 110**
**ЈАЗИК: руски**

**СОДРЖИНА: Документи за историјата на Македонија (извадоци од разни списанија)**

“Русское богатство” (“Руско богатство”) месечно литературно и научно списание, бр. 10, октомври 1903 г., С. - Петербург, 1903 год.

И. К., “Македонија и македонското прашање”:

- За појавата, развитокот и актуелната состојба на македонското прашање - појава на македонското прашање по Берлинскиот конгрес; границите на Македонија; површина и број на населението: етничкиот состав на населението; односот на Турците кон словенското население; специфичните црти на македонското прашање; борба против елинизацијата; борба на македонската интелигенција заедно со бугарската за словенска црква и училиште; признавање на Бугарската егзархија; ослободување на Бугарија и почеток на бугарската национална пропаганда во Македонија; почеток на српската пропаганда; борба меѓу пропагандите; организација на ВМРО и подготовки за востание; расцеп во Организацијата; избувнување на предвремено востание.

Елиза Рекли, “Земјата и луѓето”, превод од француски, Изд. на О. Н. Попова, С. - Петербург 1906 г.

“Балканските држави Грција, Турција, Бугарија, Романија, Србија и Црна Гора”.

“Македонија и македонското прашање”

- Поставување на македонското прашање на Цариградската конференција 1876/1877; обиди за подобрување на положбата на населението преку реформи; состојба на земјоделството и стопанството; економска експлоатација на спахиите и администрацијата; грабежи на разбојничките банди; слика на селото и градот; националистичките пропаганди на соседите; појава на револуционерното движење; расцеп во движењето - централисти и врховисти; дејност на востаничките комитети - вооружување, снабдување со храна и др.; проект на нови реформи (јануари 1903).

“Жизнь” (“Живот”) литературно, научно и политичко списание, Т. IX, ноември 1899 год.

Дионисиј Григорев, “Претенденти на Македонија”:

- До 1895 г. - културно-просветна дејност во Македонија; барање на правата ветени со Берлинскиот конгрес; борба за превласт во Македонија на разни пропаганди: српска, бугарска и грчка; национален состав на населението; различни движења во Македонија - “сепаратисти”, “националисти” и револуционерно движење на чело со Врховниот комитет и списанието “Реформи”.

“Вестник Европы” (“Весник на Европа”), Т. III, април 1903, С. - Петербург 1903.

Х. Г. Инсаров, “Турција и Македонија”, историска белешка (I-IV глава)

- Причини за паѓањето на Турската Империја; владејачките слоеви на Турција; привилегии на турското население во однос на “рајата”; наталитетот и морталитетот кај турското и кај христијанското население; аграрните односи во Турција, спроведување на реформите; состојбата во Македонија - економска експлоатација на беговите, гнет на административните власти, разбојништво на албанските банди; емиграција на населението; состојбата во турските затвори.

“Вестник Европы” (“Весник на Европа”), Т. III, мај-јуни 1899, С. - Петербург 1899 год.

П. Миљуков, “Од патувањето во Македонија. Европската дипломатија и македонското прашање”.

- Состојбата во Македонија пред Илинденското востание; австро-руски предлог за административно уредување на македонските области; контра-проект на Портата; Руско-турската војна и Санстефанскиот мир; Берлинскиот договор; Цариградската конференција 1880; нов предлог за умерени реформи и турски контра-предлог; програма на македонското национално движење објавена на III Македонски конгрес одржан во Софија во 1896 год.

“Русская мысль” (“Руска мисла”), год. 31, Москва, декември 1910 год.

В. Богучарски, “По “обновената” Турција. Впечатоци од патувањето во Цариград”.

- Впечатоци на авторот од неговото патување во Турција по Младотурската револуција: патување по Бугарија; опис на Цариград; односи меѓу Грчката патријаршија и Бугарската егзархија сместени во Цариград; состојба во Цариград и Турција по доаѓањето на власт на партијата “Единство и прогрес”; враќање на старата националистичко-централистичка позиција на турскиот режим; однос кон јазикот и литературата на турската интелигенција; опис на Солун, негова историја, состав на населението; улогата на Солунската резолуционерна организација во Младотурската револуција; однос на новата власт кон Македонците; патување преку Скопје за Србија.

“Вестник Европы” (“Весник на Европа”), т. V, октомври 1909, С. - Петербург 1909 год.

Белорусов, “Еволуција на политичките идеи во современа Турција”

- Приказ на состојбата во Турската Империја по извршувањето на Младотурската револуција: тешкотиите на новата власт; напорите за зацврстување на власта, хегемонијата на турската народност, зајакнувањето на воената моќ и на административниот механизам; договорот меѓу комитетот “Единство и прогрес” со либералите и ерменската партија “Дашнацутун”; односот кон Македонците; Народната федеративна партија на Ј. Сандански; појава на социјалистичката организација; еволуција на религиозната мисла (“источната декларација на правата на човекот и граѓанинот”).

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР “В. И. ЛЕНИН” - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ: XCVIII/1165**
**ГОДИНИ: 1903-1913**
**СНИМКИ: 65**
**ЈАЗИК: руски**

**СОДРЖИНА: Статии и написи од руски весници и списанија**

1. И. К. Б. - “Словенски елементи во новогрчкиот јазик”, издание на авторот, С. - Петербург, 1912 год.

2. П. Д. Драганов, “Јужнословенски книги и статии отпечатени со грчки букви”, С. Петербург, 1905 год. (насловна страница).

3. “Императорот Александар II, Јужните Словени и Македонија (сепарат од весникот “Деятель”, 1903 год.), Казањ, 1903 (прочитано во Просветниот дом на Трговско-индустриското друштво на Алафузовските фабрики во Казањ на 19.II.1903 година)

- Заслугите на царот Александар II за Русија и Словенството; Македонија: краток историски преглед, географска положба, положбата под турско ропство, составот на населението, аспирациите на Грција, Бугарија и Србија, интересите на западноевропските земји, ослободување на Македонија и Стара Србија од Турците.

4. Оглас за претплата на списанието “Деятель” за 1903 година со програма на списанието.

5. Насловна страница на првиот број на весникот “Славянский юг” од 6 јули 1912 год., издаден во Одеса.

6. “Костромский магазин” од Одеса

- Препорака до балканските трговци да соработуваат со фирмата “Новокостромска ленена мануфактура”.

7. Списание “Славянский юг”

- Редакциски уводник за положбата на Балканот; Романија и Словенството; положбата во Турција; Хрватска и Словенија и австро-унгарската инквизиција; несвоевремена резолуција на софискиот Синод; македонско-бугарската емиграција во Америка; Босна и Херцеговина; економските односи меѓу Словените; Св. Кирил и Методиј.

8. “Славянский юг”, бр. 2, 1 август 1912, Одеса 1912

- Автономија на Македонија; колеж во Кочани; германизација и унгаризација на австроунгарските Словени; Црна Гора; соопштение на рускиот конзул во Скопје за цените на стоките; бугарски прашања; за македонските стипендии за ученици во Русија.

9. Список на печатените трудови на П. Драганов за Македонија, Македонците и македонско-словенското наречие и неговата литература.

10. П. Драганов, - За македонизмите во јужнословенските ракописи од XVII век, С. - Петербург, 1903.

11. “Славянские известия” бр. 1, С. Петербург 1914

- Македонија и Словенството (К. Мисирков)

“Славянские известия” бр. 10 (3), 1913

- Причини за распаѓањето на Турција; иднината на Турција; опасен експеримент (за создавањето на Албанија и за македонското прашање); балкански писма; за Македонија и Македонците; автономии на Балканот.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ ПУБЛИЧНАЯ БИБЛИОТЕКА ИМ. ЩЕДРИНА - ЛЕНИНГРАД

**(ДРЖАВНА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА "ШЧЕДРИН" - ЛЕНИНГРАД**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ:** **1053**

**ГОДИНИ:** **1895-1898; 1901-1903**

**СНИМКИ:** **594**

**ЈАЗИК:** **бугарски**

Весниците "Глас македонски": бр. 50-52/1895, бр. 1-39, 52-74, 2-8/1896; бр. 9-50/1897; бр. 3-26/1898; "Право": бр. 1-13/1901; бр. 14-36/1902; бр. 37-43/1903

**I. Весникот "Глас македонски", Софија**:

Постојани рубрики:

- Од Македонија

- За тешката положба на македонското население под турска власт, за турските зулуми, ширењето на разбојништвото; дејствувањето на странските пропаганди.

- Внатрешни новости

- За состојбата во Македонија по воведувањето на реформите, дејствувањето на македонските друштва во Софија; несогласувањата меѓу нив; појавата на македонската социјалистичка група, дејствувањето на четите во Македонија.

- Од странските весници

- Написи од странскиот печат што се однесуваат на состојбата на Балканот и во Македонија.

- Хроника

- Преглед на актуелните настани.

1. 1895, Бр. 50, 51,52

- "Македонско дело"

- За пишувањето на странскиот печат во врска со проблемите во Македонија.

- "Ропството во Турција"

- Написи за состојбата во Турската Империја.

- "Анархијата во Турција" од весникот "Les nouvelles d' Orient"

2. 1896, Бр. 1-39 (1.01-20.04); 52-74 (30.05-27.07); 2-8 (10.11-22.12)

"Србите и Македонија", "Српски политичари" (бр. 2, 7/1896)

- За српските аспирации кон македонската територија.

- "Реформите во Македонија" (бр. 2, 3, 4, 5, 9, 17, 22, 23, 24, 25, 26, 38, 39/1896)

- Разни написи во врска со проблемот на спроведувањето на реформите во Македонија.

- "Прокламација на Македонскиот комитет во Атина" (бр. 4/1896)

- За ширењето на елинизмот во Македонија.

- "Српските политичари" (бр. 7/1896)

- Делови од статијата објавена во грчкиот весник "Кери".

- "Писма од Цариград" (бр. 8, 9/1896)

- За појавата на партијата "Млада Турција", за реформите, плановите на Ј. Сандански.

- "Цариградската полиција" (бр. 8, 9, 10, 11, 12, 13/1896)

- Статија од весникот "Les nouvelles d' Orient"

- “Едно осветлување на нашите работи” (бр. 51/1895; 6, 9, 10, 11/1896)

- “Турската администрација” (бр. 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26/1896)

- статија од весникот “Les nouvelles d' Orient”

- “Новата положба на Бугарија” (бр. 16/1896)

- Односот кон македонското дело по признавањето на бугарскиот кнез од страна на султанот.

- “Трите македонски комитети” (бр. 18/1896)

- Статија објавена во в. “Дејли кроникл” за дејствувањето на комитетите во Бугарија, Србија и во Грција.

- “За новите правци на бугарската внатрешна и надворешна политика по признавањето на Фердинанд” (бр. 20-21/1896)

- “Турските финансии” (бр. 27, 29, 30, 31, 32/1896)

- Статија од в. “Les nouvelles d' Orient”

- “Турската цензура” (бр. 33, 34, 35//1896)

- Статија од в. “Les nouvelles d' Orient”

- “Нема реформи” (бр. 34, 35/1896)

- За наводните реформи во Македонија и неисполнувањето на ветувањата на султанот.

- “Шверцот во Турција” (бр. 53, 54, 55, 74/1896)

- Статија од в. “Les nouvelles d' Orient”

- “Против користењето на македонското движење за целите на Бугарија и за свои политички маневри” (бр. 55/1896)

- “Турските работи” (бр. 26, 55, 56, 58, 60, 61, 62, 63, 64, 66, 68, 69, 70, 72/1896)

- За дејствувањето на комитите на Млада Турција.

- “За конфликтите меѓу Македонците во Софија поттикнати од бугарските партии и владата” (бр. 60/1896)

- “Востанието во Македонија” (бр. 60/1896)

- Известување за оружените дејства на Пирин Планина.

- “Балканска конфедерација и славјано-балкански сојуз” (бр. 63/1896)

- За создавањето одбранбен сојуз под покровителство на Русија.

- “Колежите во Македонија” (бр. 66/1896)

- За судирите меѓу македонските чети.

- “За митинзите во Бугарија во врска со македонското прашање” (66/1896)

- “Наследството на болниот човек” (бр. 67/1896)

- Статија на “Петербургский листок” во врска со проблемот на поробените народи по распаѓањето на Турската Империја.

- “Македонското движење во Романија” (бр. 67/1896)

- “По схизмата” (бр. 67/1896)

- За решавањето на македонското прашање преку воспоставувањето на Охридската архиепископија.

- “Бугарија и грчко-романскиот сојуз” (бр. 67/1896)

- Статија од в. “С. - Петербургские ведомости”

- “Мурад-беј” (68/1896)

- Податоци за неговата личност и делото “Илдишката палата и Великата Порта”

- "Одгласот во рускиот печат за македонското прашање" (бр. 69, 71/1896)

- "Грчката "Мегали-идеја" (бр. 71, 72, 73/1896)

- Разговор со грчкиот министер Демјанис за македонското и критското прашање објавен во в. "Фигаро".

- "Злото на Исток" од Неснин-беј" (бр. 50, 72, 73/1896)

- "Илдишката палата и Великата Порта" (бр. 3 (17.11), 4, 5, 6, 7, 8/1896)

- "Султанот Хамид и светата војна" (бр. 4/1896)

- За идејата сите муслимани од целиот свет да се борат против христијанството.

3. 1897, бр. 9-50

- "Статистички податоци за грчките училишта во Солунскиот и во Битолскиот вилает" (бр. 9/1897).

- "Македонија" (бр. 9/1897)

-Статија од весникот "Revue de deux mondes"

- "Да ја сочуваме целоста на Македонија" (бр. 13/1897)

- Ставови на Русија и Турција за решавање на македонското прашање.

- "Ланското и идните грчки навлегувања во Македонија" (бр. 13, 15, 16/1897)

- За грчката пропаганда во Македонија.

- "Македонија и бугарската влада"; "Што се случува во и за Македонија?" (бр. 14, 18/1897)

- “Бесрамно српско безобразие”; “Грчки “хетерија” во минатото”; “Што бараме од бугарската влада и бугарскиот кнез”; “Македонските работи и бугарската влада” (бр. 19, 22, 23, 24/97)

- “Источната политика на Русија” (бр. 29, 30, 31/1897)

- “Што се случува во Македонија” (бр. 30/1897)
- Статија од в. “Allgemeine Zeitung”

- “Што да се прави?” (бр. 32, 33/1897)
- За улогата и задачите на македонските друштва во Бугарија.

- “Реформи ќе се воведат” (бр. 33/1897)

- “Положбата на Македонија по заклучувањето на грчко-турскиот мир” (бр. 34/1897)

- “На српскиот весник “Ускок” )бр. 32, 36, 37, 38, 39, 41, 42/1897)

- “Србите и Власите во Македонија” (бр. 36/1897)
- Од в. “Allgemeine Zeitung”

- “Набљудување и опис на градот Крушево” (бр. 38, 39, 40, 42/1897

- “Новата дипломатија на нашиот Хилде-бранд” (бр. 39/1897)

- “Македонија и Албанија” (бр. 43, 44, 46/1897)

- “Македонската политика”; “Врховниот македонски комитет” (бр. 46, 48/1897)

- “Српските аспирации и нивните последици” (бр. 48/1897)

4. 1898, Бр. 3-26

- “Обраќање до владите на големите сили од Комитетот на Младотурската партија во Женева” (бр. 4/1898)

- “Проект за реформи што треба да се воведат во Македонија...” (бр. 6/1898)

- “Што да се прави?”; “Што очекуваме уште?” (бр. 7, 8/1898)
- За состојбата во Македонија и на Балканот.

- “Положбата на македонското прашање” (бр. 11/1898)
- Писмо од Белград.

- “Бугарија и Турција” (бр. 12/1898)
- Извештај на в. “Neue Freie Presse”

- “Како може да се реши македонското прашање?” (бр. 13/1898)
- Залагање за автономна Македонија.

- Написи по повод отповикувањето на скопскиот владика (бр. 12, 15/1898)

- Вест за смртта на Иљо Марков (бр. 15/1898)

- “Германија и Турција” (бр. 17/1898)

- “Што очекуваме?”
- За очекувањата на Македонците од Европа.

- “Русија и Македонија’ (бр. 20/1898)
- За руско-австриските спогодби за поделба на сферите на влијание.

- “Состојбата на Бугарската егзархија” (бр. 21, 22/1898)

- “Арнаутите сакаат независност” (бр. 22/1898)

- “Училишното дело во Македонија” (бр. 23/1898)
- За борбата со пропагандите од север и југ.

- “За заедничко дејство на македонскиот и албанскиот народ против турската власт...” (бр. 25/1898)

- “Македонците и Албанците” (бр. 26/1898)
- Изводи од статија од в. “Автономија”.

**II. Весникот “Право”, Софија**:

Постојани рубрики:

- Писма (вести) од Македонија и Одринско
- За тешката положба во Македонија и Одринско, за турските зулуми, за испраќањето затвореници во Мала Азија.

- Трибина
- За состојбата на македонското прашање, за борбата меѓу македонските организации, за дејствувањето на странските пропаганди.

- Од револуционерната борба
- За судирите на македонските револуционерни чети со Турците.

- Од ропските неволји
- За измачувањето на македонското население, за апсењата, интернирањата.

- Вести од Турција
- За грабежите, убиствата на македонското население, за судирите на четите на Внатрешната организација со турскиот аскер.

- Хроника

- За актуелните настани (грабнувањето на Мис Стон, реформите во Македонија).

- Низ весниците и списанијата

- Изводи од бугарскиот и странскиот печат, осврти на разни написи во печатот.

1. 1901, Бр. 1-13

- “Македонско-одринска организација во Бугарија” (бр. 1/1901)

- “Илдиз-Ќош - царски дворец” (бр. 2, 3/1901 (9/1901)

- “Бугарската егзархија” (бр. 4/1901)

- За дејноста во Македонија и Одринско.

- “Вестник  Европы” (бр. 4/1901)

- За проблемите на Балканскиот Полуостров.

- “Руските конзули во Македонија” (бр. 7/1901)

- За односот на конзулите кон македонските проблеми.

- “Турција и Арнаутите” (бр. 7/1901)

- “Што да се прави” (бр.10/1901)

- За состојбите по расцепот во Македоско-одринскиот комитет.

- “Буџетот на српската пропаганда во Македонија” (бр. 10/1901)

- “Борба за Исток” (бр. 10/1901)

- Резиме на проф. Онкен од “Die woette”.

- “Една историско-политичка белешка” (бр. 11/1901)

- За Санстефанскиот договор.

- “Во какви услови се појави српската пропаганда?” (бр. 12/1901)

- “Бугарија и Македонија” (бр. 13/1901)
- За грешките на бугарската политика спрема Македонија.

- “Повик за помош“ (бр. 13/1901)
- За страдањата на затворениците по турските зандани.

2. 1902, Бр. 14-36
- “Нашата програма” (бр. 14/1902)
- Историјат на Внатрешната македонска организација.

- “Ракополагање на Фирмилијан...” (бр. 14/1902)
- Преглед на црковно-училишната дејност на Егзархијата.

- “Врховниот Македонско-одрински комитет” (бр. 15/1902)

- “Австриското влијание врз автономна Македонија” (бр. 17/1902)
- За трите начини за решавање на македонското прашање.

- “Една интересна статистика” (бр. 18/1902)
- Податоци за бројот на доселениците од Македонија во Бугарија.

- “Турски провокации” (бр. 19/1902)
- За револуционерниот метеж во Македонија и истребувањето на народот од турската власт поради отпорот.

- “Балканската политика и руско-австриското договор од 1897 год.” (бр. 19, 20, 21, 22/1902)

- “Братоубијци” (бр. 20, 21/1902)

- За дејноста на групата Цончев - Михајловски против македонските революционери.

- “Македонското ослободително дело на бугарска почва” (бр. 20-21/1902)

- Статија од Ѓорче Петров.

- “ “ (бр. 23/1902)

- за брошурата од Ст. Михајловски по повод ракополагањето на Фирмилијан .

- “Статути на Македонско-одринската организација” (бр. 24/1902)

- “Новата положба на Организацијата” (бр. 25/1902)

- За раздвојувањето на Организацијата на два правци.

- “X Македонско-одрински конгрес со Резолуција” бр. 25/1902)

- “Што ни претстои?”, “Комитетска тактика”, “Бесрамни лажговци” и др. (бр. 26/1902)

- Написи во врска со одржаниот X Конгрес на Организацијата.

- “Новое время” и “неостамбуловизмот” (бр. 27/1902) (28/1902)

- Реакција на написите во “Н. В” во врска со автономијата на Македонија.

- “Внатрешната революционерна организација” (бр. 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34/1902)

- “Владите и македонските комитети” (бр. 28/1902)

- За политиката на бугарските влади кон македонските комитети.

- “Грчка подлост” (бр. 29/1902)

- За улогата на грчките конзулати и владици во уништувањето на македонското дело.

- “Точен список на политичките затвореници во битолскиот затвор” (бр. 29, 30, 31, 32/1902

- “Од животот и страдањата на затворениците” (бр. 30/1902)

- “Авантуристите на дело”, “Вистината за “востанието” во Македонија (бр. 31/1902

- Вистината за т.н. “востание во Македонија”.

- “Има ли востание во Македонија”, “Не така, пријатели” и др. (бр. 32, 33, 34, 35/1902)

- За авантуристичките дејства на бугарските чети во Македонија.

- “Мисли за иднината” (бр. 35/1902)

- За бесплодноста на “ослободувањето на Македонија однадвор”.

- “Пред македонското прашање” (бр. 35/1902)

- За содржината на брошурата излезена во Белград.

- “Бугарските влади и македонското прашање” (бр. 36/1902)

- За политиката на бугарските влади за воспоставување на “Санстефанска Бугарија”.

- “Македонското движење и Внатрешната организација” (бр. 36/1902)

- “Отоманските султани” (бр. 36/1902)

- Заклучок од двотомната историја на Халил Ганем.

- “Дали е неопходна европска конференција за источните работи” (бр. 35/1902)

- За статијата на А. Лерој објавена во в. “L’ Europeen”.

3. 1903, Бр. 37-43

- "Турските реформи и европската дипломатија" (бр. 37/1903)

- "Францускатa "Жолта книга" за Македонија' (бр. 39, 40/1903)

- "Македонските организации" (бр. 40/1903)

- Статија од в. "Новое время" за организацијата и принципите на организациите.

- "Растурањето на македонско-одринските организации во Бугарија" (бр. 41/1903)

- За расформирањето на двата врховни комитети и друштвата во Бугарија.

- "Руско-австриските реформи", "Текст на проектот за реформите во Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает" (бр. 41/1903)

- "Внатрешните" (бр. 41/1903)

- Извадок од "Балканските писма" печатени во "Новое времја".

- "Црни облаци" (бр. 42/1903)

- За подготовките за востание во Македонија и односот на Европа.

- "Европа и положбата во Македонија" (бр. 42/1903)

- За односот на европските земји кон реформите во Македонија.

- "Политиката на Грција од војната наваму" (бр. 42/1903)

- За политиката на Грција против автономна Македонија.

- "Во Македонија", "Ќе избувне ли востанието во Македонија?" (бр. 42, 43/1903)

- Анкета на Љ. Нодо, специјален пратеник на в. "Le Journal".

- "Руските заплашувања" (бр. 43/1903)

- За односот на руската дипломатија кон македонското прашање.

- Хроника (бр. 43/1903)

- За формирањето македонско-одринско друштво во Америка, за излегувањето на в. “The Macedonian Herald”, за отворањето италијански конзулат во Скопје, за односот на рускиот конзул Ростковски.

ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

**(ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР “В. И. ЛЕНИН” - МОСКВА)**

**ФОНД: ПЕЧАТ**

**МИКРОФИЛМ:** **1064**
